Петре ГЕОРГИЕВСКИ

# ПОТРЕБАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО СТОПАНСТВОТО

Историски посматрано настанувањето на одредени научни дисциплини и истражувања во нив, е тесно поврзано со потребата за решавање на крупните проблеми на производството и пошироко стопанството. Во оваа смисла уште К. Маркс јасно покажа во критиката на младохегеловците и на Фоербах на нивното несфаќање на односот меѓу индустријата и околниот свет и влијанието на околниот свет врз науката. Фоербах зборува посебно за восприемањето на природната наука, ги споменува тајните кои се очигледни само на окото на физичарот и хемичарот, но Маркс истакнува, каде би била природната наука без индустријата и трговијата?[1]

Но не само врз развојот на природните науки, туку брзиот развој на индустријата и трговијата и пошироко на стопанството во капиталистичкиот начин на производство силно влијае и врз развојот на општествените науки и истражувања. Во тој контекст, како што е познато, настанува и социологијата околу 40-те години на минатиот век речиси истовремено со две спротивни ориентации: едната — граѓанската со цел да го ублажи класниот конфликт и да создаде „ред“ и „мир“ во граѓанското општество и втората — марксистичката со цел да укаже на антагонистичките класни судири на капиталистичкото општество, да ги открие законите по кои се движи капиталистичката општествена-економска формација и посебно дијалектиката на класната борба која води кон диктатура на пролетаријатот, а оваа кон комунистичкото општество.

Од ова јасно се гледа дека науката, посебно социологијата и научното истражување класно се определени. По правило граѓанската наука и истражувањето во граѓанската насока на социологијата е детерминирано од општествената положба и интересите на владејачката буржоазија, додека научното истражување во марксистичката насока е детерминирано со општествената положба и интересите на работничката класа. Разликата во овој по-

[1] Маркс — Енгелс, Од раните трудови, Култура, Скопје, 1961.

глед, т.е. меѓу класната обусловеност на научното истражување на стопанството и општеството е суштинска, бидејќи интересот на научното истражување во граѓанската социолошка насока е подреден на владејачкиот буржоаски интерес, стварноста да се прикаже искривена, односно онака како се прикажува во нејзината идеолошка свест — оправдување и замаглување на експлоатацијата и отуѓувањето на работничката класа; прикривање на класниот конфлект итн. Спротивно на ова, пак, во класно-работничката обусловеност на научното истражување, научниот интерес, што се состои во откривањето на објективната вистина за карактерот на конкретните општествени односи, се поклопува со основниот интерес на работничката класа што се состои во откривање на таа вистина. Овде потсетувам дека ова поклопување на интересот на науката и на работничката класа го истакнал уште Ф. Енгелс на следниот начин: „... кај работничката класа постои и понатаму ненамалена... смисла за теорија. Овде таа не може да се искорени; овде нема никакви обѕири спрема кариерата, спрема профитерството, спрема милостивата протекција од горе; напротив, доколку науката настапува побезобѕирно и понепристрасно, дотолку таа е повеќе во согласност со интересите и стремежите на работниците."[2]

Ова поклопување на интересот на научното истражување и на работничката класа за откривање на вистината, т.е. за објективно сознание произлегува од историската положба и улога што нејзе ѝ припаѓа во развитокот на современите општества. Токму таквата положба и улога нејзе ѝ овозможува многу повеќе да е заинтересирана за објективното истражување и сознание на стопанските и општествените појави и нивната промена, отколку која и да е друга класа и посебно буржоазијата која е заинтересирана, пред сè за тоа да се одржи капиталистичкиот начин на производство, а со тоа и нејзината владејачка улога. Се разбира дека со самото тоа што во истражувањето се тргнува од интересите на работничката класа како најпрогресивна класа на современото општество, автоматски не се постигнува (или обезбедува) објективноста на сознанието, како што смета современиот социолог А. Ѓили[3]. За да се биде објективен научник, односно истражувач нужно е да се тргне од интересите на работничката класа, наспроти тргнувањето од интересите на буржоазијата како и наспроти таканаречената „научна неутралност", која објективно е неможна и која претставува своевидно замаглување на стварноста, но тоа не е доволно, зашто објективноста на истражувањето и научното сознание содржи сознајно-теоретски особини и методолошки постапки со кои се настојува таа да се постигне.

---

[2] Маркс — Енгелс, Избрана дела II, Култура, Београд, 1950.
[3] Gilli A-G, Kako se istražuje, Školska knjiga, Zagreb 1974.

Пред сè, тука се мисли на теоретско-методолошките постапки за постигнување на содржинска потполност на податоците за испитуваната појава и отвореност кон нови податоци како и за постапките на проверливост на добиените резултати од истражувањето.

Стопанството и неговиот развој како примарна област од дејноста и животот на луѓето не може научно да се проучува само од еден аспект: само од техничко-технолошкиот, само од економскиот; демографскиот итн. туку како целина која има свои делови кои се наоѓаат во меѓусебна интеграција со целината, но и самото стопанство се јавува како потсистем на општествениот систем и во нивната взаемна поврзаност. Во Марксовата, па и Веберовата истражувачка ориентација стопанството се настојувало да се проучува на ваков начин; пред сè неизбежно вклучувајќи ја социолошката димензија во неговото истражување.

Современите, пак, истражувања на стопанството, особено во нашата Република како да го запоставуваат социолошкиот аспект, или, пак, сè помалку се истакнува потребата за социолошко истражување на стопанските појави. Тоа е уште повеќе изненадувачки кога се работи за фактичко постоење на економска криза до која не доведоа само чисто стопанските и економски причини туку низа други меѓу кои се мошне значајни социјалните и политичките. Во оваа смисла интересно е да се напомене дека и Програмата за економска стабилизација не води доволно сметка за социолошките и психолошките истражувања на здружениот труд во стопанството, давајќи јасно предимство на технолошките, техничките и природните науки, односно истражувања. Во еден покус период на економска криза можеби е потребно да се даде извесна предност на техничко-технолошките истражувања. Меѓутоа, запоставувањето на овој вид истражувања во подолг период доведува до подалекусежни последици: до неможност вистинските социјални и политички причини на економската криза да се согледаат, а без нивното согледување речиси и нивното надминување е неможно.

Колку е значајно да се истражува социјалната страна на стопанските појави или на таканаречениот човечки фактор во индустријата, покажува фактот што постојат стопански работни организации од ист вид на дејност, речиси на ист техничко-технолошки развој но кои постигнуваат сосем различен (не) успех во работењето. Во овој контекст зарем не заслужува сериозно социјално истражување организационата и функционална поставеност на овие работни организации; квалификационата структура на работната сила; (не) стимулативната распределба на доходот за поголема продуктивност, меѓучовечките односи во работењето; степенот на развојот на самоуправното одлучување; начинот на раководењето итн? Или пак за сето тоа се смета дека

доволно знаеме и не ни се потребни социолошки истражувања? Секако, може и така, ако под научно истражување се сфати „откривање" на очигледното, односно изедначување на појавното и суштинското. Меѓутоа, уште на Маркс му било јасно дека „секоја наука би била одвишна кога појавниот облик и суштината на работите би се поклопувале"[4].

Оттука и потребата истражувањата од различните научни области порамномерно да се развиваат. Некои научници (дури и од пиродните науки) одат понатаму што бараат повеќе истражувања во општествените науки. Така, Кенет Булдинг го изнесува следното: „Банално е но е страшно вистинито да се каже дека опстанокот на денешната цивилизација зависи не од понатамошниот развиток на природните науки, туку од решението на некои сериозни проблеми во општествените науки"[5]. Овие „сериозни проблеми" во општествените науки се однесуваат на типот и квалитетот на општествените односи во конкретните видови општества и нивното менување во подемократски и похумани кои ќе овозможат сестран развиток на поединецот и на целото човештво.

Изгледа сè уште се запоставува фактот дека зад ваквиот или таквиот стопански развој или релативна стагнација во крајна линија стојат однесувањата и одлуките на луѓето и дека општествените односи имаат суштинско дејство. Поради тоа неопходно е тие да станат предмет на социолошкото истражување. Тоа не е само некој одвоен академски интерес на луѓето што се занимаваат со социологија, туку тоа е императив што го поставува противречниот развиток на производните сили и производствените односи. Колку побрзо ова ќе се сфати и ќе стане секојдневна свест, толку побрзо може да се очекува заемниот развој на стопанството и општеството во целина и на социологијата како наука и како професија. Посебно е неопходно социологијата да се развива во единството на сопствената теориска, емпириска и апликативна дејност. За да се постигне тоа, вниманието треба да се сврти кон истражување на клучните теми и проблеми од нашиот стопански и општествен развој. Без намера да се даде исцрпен список и образложение на темите и проблемите, овде ќе се назначат само неколку со укажување на улогата на социологот во нивното истражување.

1. *Теми и проблеми од производствениот комплекс.* Во рамките на овој комплекс е неопходна потребата за социолошки истражувања на следните прашања: степенот на развиток на општествената и техничката поделба на трудот, а со тоа и различ-

---

[4] Маркс, К., Капиталот, том трети, Мисла, 1976.

[5] Boulding E. K. Is Economic Necessary? Scientific Montly, April 1949, 68 : 235—40.

ните облици на сопственоста и нивното влијание врз начинот на организација и управување во производствениот процес; продуктивноста на трудот и воопшто ефикасноста на стопанскиот систем. Што значи секоја нова поделба и технологија за стопанската ефикасност како и што значи таа за положбата на работниците во производствениот процес; дали таа доведува до посилна диференцијација на интерсите внатре во работничката класа и во рамките на секоја работна организација и како парцијализација на трудот доведува до парцијализација на интересите на работничката класа — сето тоа може да претставува плодно поле на социолошкото истражување. Тука се поставува и прашањето како влијае претежната ориентација кон увоз на техника и технологија (а кои се класно детерминирани) врз самоуправните односи. Во врска со тоа, сѐ уште малку знаеме, бидејќи тоа сѐ уште не станало предмет на социолошките истражувања. Понатаму, незнатни се сознанијата и за психосоциолошките аспекти на парцијализацијата и рутинизацијата на трудот; на продуктивноста на трудот и распределбата на доходот; на флуктуацијата и апсентизмот во производниот процес и работењето. Токму истражувањето на овие и слични проблеми може да послужи за посоодветни релеватни сознанја како и за насочување на општествената акција кон поголема демократизација и хуманизација на трудовиот прцес и на меѓучовечките односи на сите рамништа од општествената организација на трудот. Во овој контекст на прашања, предмет на социолошките истражувања треба да стане и функционалната (не) поврзаност на определена производствена работна организација во рамките на републичкиот и југословенскиот комплекс на иста дејност врз основа на законитоста на пазарот како и во рамките на општествено-политичкиот систем на општината и пошироко во општествената заедница.

2. Следен комплекс на теми и проблеми што произлегува од претходниот е *класно-социјалниот*. Имено, врз соодветната поделба на трудот и различните облици на сопственоста израснува соодветното класно-слојно структуирање чија матица е работничката класа. Неверојатно е, но вистинито, нормативно и идеолошко-политички да се придава такво значење на работничката класа во нашето општество како владеачка класа, а да не постои ниту едно релевантно социолошко истражување за нејзината вистинска материјална, самоуправно-политичка и културна положба; за нејзините непосредни и историски интереси; за тоа колку таа завладеала со општествената репродукција; колку таа одлучува за вишокот на трудот што го создава; каква е природата на процесите кои доведуваат до социјална диференцијација и дезинтеграција и раслојување внатре во работничкат класа и каква е нејзината вистинска, а не само претпоставена интеграциона улога во здружениот труд и во југословенското социјалистичко опште-

ство. Може ли некој да покаже систематски релевантни сознанија во Републикава за начинот на животот, за образовните и културните потреби, за слободното време на работниците од различните работни организации од ист вид на дејност, како и меѓу различните дејности посебно за конфликтите во стопанските работни организации? Посебно внимание треба да се обрне на социолошкото истражување на тнр. „прекини на работа", односно на штрајковите во стопанските работни организации. Без вакви и слични сознанија сметам дека ниту социологијата во марксистичката традиција и ориентација може да се развива, ниту, пак, општествената акција, посебно на двете еминентно работнички организации — Сојузот на комунистите и Сојузот на синдикатите ќе можат целосно успешно да ја водат.

3. Комплексот на *самоуправното одлучување во стопанските организации*, како темел на концептот на системот на социјалистичкото самоуправување во нашето општество, заслужува посебно внимание да се осветли од социолошки аспект. Во таа смисла неопходно е, покрај другото предмет на социолошките истражувања да стане испитувањето на условите во определени работни организации од здружениот труд во стопанството кои работничкото самоуправување во конкретната практика го сведуваат на еден од облиците на партиципација што се сретнува и во современиот капиталистички начин на производство и во етатистичкиот модел на социјализам, а што е оддалеку со послаб квалитет. Кои се условите и чинителите кои ги овозможуваат отпорите на развојот на работничкото самоуправување и на делегатското одлучување, пред сè од видот на отуѓените бирократско-технократски и приватно-сопственички групи и монополи на општествена моќ, опфаќајќи ги сите нивоа на општествената организација. Какво е влијанието во одлучувањето на неформалните групи на самоуправниот механизам, на кадровската политика, кои се релевантните причини за неостварувањето на општествените договори и самоуправните спогодби итн. Откривањето на нужните и доволните услови и чинители на овие појави и тенденции може да се изврши единствено со преземање на систематски и лонгитудинални социолошки истражувања, отколку тие прашања да се решаваат ad hoc, врз основа на здравиот разум, односно врз основа на инпровизација и волунтаризам.

Ми изгледа веројатно дека судбината на започнувањето и развојот на социолошките истражувања, па и социологијата како научна и апликативна дејност, се решава токму на пресвртницата во разрешувањето на темелната општествена противречност: дали и колку класно-работничките интереси во практиката ќе прераснуваат во владејачки, а со тоа и колку брзо ќе се развива социјалистичкото самоуправување како доминантен општествен однос и процес толку повеќе ќе се јавува потреба за социолош-

ки истражувања и потреба за социолози во здружениот труд во стопанството и пошироко во нестопанските дејности. И обратно: доколку во понатамошниот развој се шири и развива технократско-бирократската структура и приватно-сопственичкиот монопол на одлучување сè помалку ќе има можности за развој на социолошките истражувања. а со тоа и развој на социологијата како наука, како професија и како апликативна дејност. Во ова последното (апликативната дејност) нема искуство, ниту за тоа ми е познат пример, но може да се претпостави какво значење би имало кога некој самоуправен орган или пошироко целата основна организација на здружен труд и пошироко би одлучувала за некој проблем врз основа на резултатите од соодветно социолошко истражување или барем од соодветна социолошка анализа.

4. Следниот комплекс на прашања што заслужува да биде предмет на социолошките истражувања и анализи е *планирањето на стопинскиот и општествениот развој* опфаќајќи ги сите нивоа, почнувајќи од основната организација на здружен труд, определени сектори на дејност па преку комуната до Републиката. Секое планирање мора да тргне од реалните претпоставки за остварување на планот. Прогнозирањето и планирањето на идниот развој најчесто економистички се сфаќа и во стручните тимови за планирање преовладуваат економистите, а најмалку се чувствува потреба за анализа на социолошката димензија на планирањето и научното предвидување или, пак, по правило неа ја врши некој друг — економистот, правникот па дури и инженерот. Обично таквите планови како да се поставуваат идеално и, речиси, како да се води сметка за сè, освен за оние конкретни субјекти кои тоа што се планира треба да го остварат. Таквиот недостаток не може да го надополни ниту една друга анализа освен социолошката. Тогаш и се плаќа цехот за таквите планови кои излегуваат нереални и не се остваруваат. Во овој контекст може да се наведе и искуството со инвестиционите планирања и зафати. Без стручна економска анализа инвестиционите проекти не можат да се замислат, но како да не се чувствува потреба и за стручно-социолошка анализа. Потребно е, притоа, да се испитува работната сила: дали локалната средина може да даде доволно соодветна работна сила или е потребен трансфер на соодветната работна сила од други средини. Какви социјални последици ќе предизвика тој трансфер[6], би требало, исто така, да биде предмет на социолошкото истражување и анализа, но ниту на едно друго. Или друг пример: може само да се претпостави каква конкретна полза би имале работните организации, невработените

[6] Županov J., Sociološka ekspertiza i samoupravna demokratija, Шапалографирано соопштение од научниот собир „Социологија и привреда", што се одржа во Ниш, 1984 година.

лица и организаторот на акцијата за вработување што се води во Скопје и во Републиката, ако нејзе ѝ претходеше социолошко истражување за степенот на искористеност на производните и другите капацитети, за потребите од соодветни стручни профили во работните организации; за стручната подготовка и барањата и желбите на невработените лица итн.

5. Петтиот комплекс опфаќа најразновидни прашања кои треба да бидат предмет на социолошките истражувања почнувајќи од прашањето за *образовните и културните потреби и живеење на работниците, степенот на информираноста во функција на ефикасноста на самоуправното и делегатското одлучување* на сите нивоа, *заштитата при работа* и социјално-социолошките последици од несреќите при работата, па се до разните социјално-девијантни појави. За поголемиот број од овие прашања се подготвени соопштенија кои ќе бидат изложени подоцна така што нема потреба за нивно експлицирање.

По ова, само по себе, се наметнува прашањето на причините на оваа голема инсуфициентција на социолошките истражувања за така релевантни прашања од нашиот стопански и општествен развиток. Иако ова не е напосредно предмет и цел на овој реферат, сепак е неопходно да се назначат барем основните чинители на овој недостаток. Овие чинители можат условено да се наредат во три групи кои се меѓусебно поврзани: наставно-образовната научно-истражувачката, и општествено-политичката.

1. Социологијата кај нас сè уште има статус на академска дисциплина и во неа, сè уште, можат да влегуваат и други високостручни профили особено преку комерцијализираните постдипломски студии, па и на други начини; економисти, историчари, филолози, правници па дури и инженери, додека во овие наброени профили многу тешко се влегува од несоодветните струки. Во профилирањето пак на социолозите се уште преовладуваат теориските наставни предмети отколку истражувачките и апликативните. Наставните планови и претежното вработување на дипломираните социолози во организациите на насоченото образование тоа јасно го потврдува. Одвоеноста и працијализацијата на научно-истражувачката дејност од наставно-образовната е голем хендикеп за обучување на студентите во истражувачко-апликативната дејност уште за време на студиите.

2. Со ова се навлегува во несоодветната организација на научно-истражувачката дејност во социологијата: од една страна постои Наставно-научната студиска група за социологија на Филозофскиот факултет која профилира дипломирани социолози, а од друга страна Институтот кој покрај социолошките ги опфаќа и правните, политиколошките и криминолошките истражувања кој е целосно одвоен од филозофскиот факултет, а воглавно

добива материјални средства и за социолошки истражувања на определени теми со што јасно се покажува подвоеноста на наставната и научно-истражувачката дејност како и на кадрите, а што се легитимира и со таквата подвоеност во нивното финансирање, одвоено преку двете самоуправни интерсни заедници за образование и наука. Сметам дека за побрз развој на социолошките истражувања е неопходно да се спои наставно-образовната и научно-истражувачката дејност во единствена наставно-истражувачка организација на здружениот труд, без разлика како таа ќе се нарекува институт или факултет, бидејќи најважно е интегрирање на кадрите што се занимаваат со оваа наука, на дејноста и средствата. Следниот недостаток во овој комплекс се состои во непостоењето на значајни теоретски трудови за клучните теми и проблеми кои би ги користеле и досегашните емпириски резултати и поради тоа не постојат доволно можности да се иницираат таквите истражувања, поставувајќи пред истражувачите научно релевантни хипотези. Понатаму, не постои систематско прибирање на научно релевантни податоци за низа темелни проблеми што е неопходно да станат предмет на социолошките истражувања. Таквата потреба, иако може донекаде да ја ублажи статистичката евиденција и документација, сепак, таа од низа причини, во кои овде не може да се навлегува, не ги задоволува потребите од систематски социолошки истражувања. Овој недостаток може да се надополни со изготвување на еден прашалник (анкета) за општествената, самоуправната положба и свест на работничката класа, (слично на Марксовата работничка анкета)[7] или пошироко на активното вработено население што ќе се пополнува секоја година (или секоја трета) врз репрезентативен и адекватен примерок во Републиката.

3. Третата група на чинители за недостатокот на социолошки истражувања се однесува на општествено-политичкиот комплекс, почнувајќи од иницирање на потребата за нарачување на теми за истражување, за добивање на соодветни материјални средства за нив, па сè до односот на општествената заедница спрема социолошките истражувања и нивните резултати, со што, покрај другото, се занимава социологијата на социологијата. Ако се земе предвид оваа последното, тогаш, во тој поглед, се јавуваат низа отпори кон социолошките истражувања, почнувајќи од

---

[7] Прашалникот за собирање на систематски податоци за условите на работа, работните односи, наемнината, трошоците на живот и класниот конфликт на работниците во Франција е објавен во списанието „Revue socialiste“ во 1980 година. Кај нас е преведен и објавен во списанието „Sociologija“, 1, 1974 год.

нивното негирање, неприфаќање и игнорирање на самата потреба од социолошко истражување, особено кај етатистичко-монополските групи на моќ, преку своевидниот ларпурлартистички став — истражување заради истражување, а чии резултати завршуваат во фиоките на бирократско-технократскиот слој, па се до најсоодветниот став — резултатите на истражувањето да послужат за организирана акција на субјективните социјалистички сили за менување на постојните односи.

Ако се има предвид ова последното, тогаш за социолошкото истражување има понагласена потреба и тоа игра значајна улога ако ги остварува своите основни функции: прво, ако тоа претставува научно релевантно сознание; второ, ако насочува кон истражување на нови проблеми и противречности; трето, ако е тоа критичко (а не критизерско) и четврто, ако насочува кон преземање акција за промена.

Покрај ова, релевантните резултати на социолошките истражувања имаат и историска функција и вредност на што укажува П. Лазарсфлед. Имено, тој во еден свој прилог[8] го поставува прашањето во врска со тоа што треба да имаат предвид современите истражувачи на јавното мислење и одговара дека со нивните резултати треба да им се овозможи на подоцнешните историчари посестрано да ги проучат односите во општествената свест и општествената култура. Ова *eo ipso* се однесува и на социолошките истражувања на стопанството како и на сите други видови социолошки истражувања.

Сето ова што произлегува од односот на нашата општествено-политичка заедница кон социолошките истражувања (како и кон социологијата како наука) не го вклучува тврдењето дека во блиска иднина ќе постои неугаслива жед за нив и дека нив ќе ги има во изобилство, туку се инсистира толку, колку да се опфатат што повеќе аспекти за клучните теми и проблеми од развитокот на заедницава, со цел да се забрза нејзиниот (а и на секој нејзин член) сестран развиток.

Оттука, може да се заклучи дека развитокот на социологијата како наука, како професија како и на социолошките истражувања е во согласност со основниот класно-работнички интерес за побрз развиток на социјалистичкото самоуправување, социјалистичката демократија и социјалистичкиот хуманизам.

---

[8] Lazarsfeld E. P. Qualitative Analysis — Historical and Critical Essays Allyn and Bacon, Boston, 1972.